„Навистина, праведните кај Аллах се на минберите (возвишените места) од светлината; покрај десната Рака од Милостивиот, а двете Негови се десни

Абдулах бин Амр, радијаллаху анхума, пренесува: Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Навистина, праведните кај Аллах се на минберите (возвишените места) од светлината; покрај десната Рака од Милостивиот, а двете Негови се десни. Тоа се оние кои се праведни во своите пресуди, кон нивните семејства и во она што им е дадено да управуваат.
[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè информира во овој хадис дека оние кои судат праведно, според вистината, меѓу луѓето кои се под нивна ингеренција и управување како и во нивните семејства, дека таквите ќе седат на возвишени места создадени од светлина. На овој начин Аллах ќе им искаже почит на Судниот ден. Овие возвишени места (минбер) ќе бидат од десната страна на Милостивиот и Возвишениот, а и двете Негови Раце се десни.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4935